# ВЕСТ Живот

## Тоше и Ребека во Лондон поздравени со овации



Минатата недела, на концертот на српската поп-ѕвезда Жељко Јоксимовиќ во Лондон како специјален гостин настапи и нашата најголема ѕвезда Тоше Проески. Тоше испеал четири песни на македонски јазик, а публиката од поранешните југословенски простори го поздравила со овации. "Лудилото" настапило кога гласот на Тоше го "заменил" Харис Џиновиќ, во хит-дуетот со Јоксимовиќ "Пролази". Заедно со Тоше и менаџерката Лилјана Петровиќ, во Лондон била и Ребека, новиот ексклузивец на "Фајнал кат продукција". И таа, иако релативно непозната за тамошната публика, може да се пофали со забележителен и одлично прифатен настап, како уште еден гостин на Јоксимовиќ. *(М.Џ.)*

## Вечерва "Златна бубамара на популарноста"

Вечерва во Универзална сала, во 20.00 часот, по шести пат ќе се наградуваат најпопуларните според Радио Бубамара. Оние што биле најбрзи и си обезбедиле билети навреме, ќе бидат дел од шоуто со 30 наградени, бенд во живо, гости-изненадувања... Директен пренос ќе врши Радио Бубамара", т.е. Скај радио на 105.2 фм, а целата јавност ќе може да ја види снимката утре, на А1 телевизија. **(М.Џ.)**

## "Семејно богатство" како претстава гостува во Скопје



*Мини-претстава со Бата Ѓоша и Тика Шпиц*

Популарната српска ТВ-серија "Семејно богатство", што ја гледаме секоја недела на А1 телевизија, дoаѓа во Македонија, во живо. Водена од сценариото на Синиша Павиќ, кој е автор и на сериите "Подобар живот" и "Срекни луѓе", на 19, 20 и 21 март ќе ни гостува мини- претставата со главните ликови од "Богатството": Бата Ѓоша и Тика Шпиц. Претставата, веќе популарна во Србија и Црна Гора, се вика "Леле, Бато", а точните места на изведба ќе се знаат наскоро. *(М.Џ.)*

## Монси чалгаџија

Имитаторот Зоран Атанасовски - Монси, кој сме го виделе "во кожата" на Благица Павловска, Сузана Спасовска, Силви Плевнеш... и уште многу наши пејачки, најавува соло-проект. Овојпат нема маски. Гласот зад микрофонот ќе биде на Монси, придружуван од чалгаџиите, "Ориент бенд", поучени од заедничкиот настап секој петок во неговото "Ориент кафе". Во план е издавање на цеде со најубавите стари македонски чалгаџиски песни кои, како што вели Монси, најмногу му лежат. *(М.Џ.)*

## Никеја со "Линиски код"

Рок-групата "Никеја" подготвува нов сингл. Станува збор за "Линиски код", песна што нејзината публика ја има слушнато на свирките во клубот "Леди блу" и на настапите во Прилеп. Освен тоа, во подготовка е новиот албум. Терминот на издавање е сè уште неизвесен, а се очекува "Никеја" да влезе во студио накаде летово, кога, најверојатно, ќе излезе и спотот за "Лински код". *(М.Џ.)*

## Дорис Драговиќ пак пред македонската публика



**По цели три и пол години, миленичката на македонската публика, хрватската поп-дива Дорис Драговиќ, повторно во Скопје. Средбата со публиката која некогаш "ѝ подари седум Универзални сали", како што таа самата знае да каже, е закажана за почетокот од април. Точниот термин е сè уште непознат, но познати се старите добри хитови на Дорис, како и новите песни кои брзо стануваат актуелни кај нас. Организатор на концертот е "Примус продукција". (М.Џ.)**